INTERNATIONAL STEP by STEP ASSOCIATION

ФОНДАЦИЈА ЗА ОБРАЗОВНИ И КУЛТУРНИ ИНИЦИЈАТИВИ
FOUNDATION FOR EDUCATION AND CULTURAL INITIATIVES
ЧЕКОР ПО ЧЕКОР • STEP BY STEP

# *Практикување на наученото.*

Прирачник за професионален развој на учителите

## Фокусно подрачје:

# Семејството и заедницата

За да можат децата да учат и да се развиваат, потребна е цврста соработка на учителите со семејствата и другите членови на заедницата. Кога учителот ќе ја разбере важноста на учењето дома и важноста на семејството како првичен образовен и социјален фактор за детето, ќе може *да гради мостови* помеѓу училиштето и семејството / заедницата и да остварува двонасочна комуникација.

За да се овозможи успешно учење и развој на децата мора да бидат земени предвид различните услови во семејството и зедницата од која тие доаѓаат. Успешната соработка на учителите со семејствата се остварува доколку учителот е свесен за многуте начини на кои семејството може да придонесе децата да учат подобро, да се подобри атмосферата во училницата и во училиштето.

Учителот ги почитува интересите и одговорностите на сите кои се вклучени во образованието и формирањето на иднината на децата доколку оствари успешна комуникација и интеракција меѓу семејствата, училиштето и заедницата, со што се придонесува за создавање поцврсто општество.

**ПРИНЦИП 2.1**
**Учителот поттикнува партнерство со семејствата и создава различни можности семејствата и членовите на заедницата да учествуваат во учењето и развојот на децата.**

2.1.1 Членовите на семејствата се поканети и добредојдени во училницата, а учителот изнаоѓа разни начини на кои тие може да учествуваат во образовниот процес и во животот на децата.

2.1.2 Учителот ги вклучува родителите во заедничко носење одлуки во врска со учењето и развојот на нивните деца и социјалниот живот во училницата.

2.1.3 Учителот со членовите на семејствата заедно носат одлуки во врска со условите за учење на децата.



© Copyright International Step by step Association 2011, сите права се задржани

**Зошто е важно учителот да промовира партнерство со семејствата и да им овозможува на членовите на семејствата и на заедницата на различни начини да се вклучат во учењето и развојот на децата**

Родителите и другите членови на потесното семејство се најважните личности во животот на детето. Тие учествуваат во учењето и развојот на детето од неговото раѓање. Тие ја дефинираат културата и системот на вредности на кои се темели социјализацијата на детето. Вклучувањето на родителите и семејството не подразбира само учество во активностите, настаните и програмите кои го сочинуваат детскиот свет, туку и доволно добро познавање и разбирање на детето за да се знае што значи определено негово расположение или како тоа се снаоѓа во тешки околности и ситуации. Партнерството со родителите придонесува за подобро усогласување на домашната средина и средината за учење.

Пејт и Ендрус (2006) најдоа доследни, несомнени и уверливи докази дека членовите на семејството имаат најголемо влијание на успехот на нивното дете во училиштето и во текот на животот. Кога училиштето, семејството и заедницата соработувајќи го поттикнуваат детето да учи, тоа повеќе го сака училиштето, покажува подобри резултати и подолго се задржува во образовниот процес.

**Кои се резултатите од вклучувањето на родителите во образовниот процес**

- Вклучувањето на родителите води до подобрување на резултатите на образовниот процес.
- Вклучувањето на родителите ги зајакнува позитивните форми на однесување на децата.
- Родителите кои учествуваат во донесувањето одлуки повеќе ги доживуваат како свои и повеќе се предадени на поддржувањето на мисијата на училиштето.
- Вклучувањето на родителите влијае на зголемувањето на поддршката на училиштето.
- Вклучувањето на родителите влијае на намалувањето на бројот на изостаноци на децата.
- Вклучувањето на родителите придонесува за подобро разбирање на улогите и односите меѓу родителите, детето и училиштето.
- Вклучувањето на родителите придонесува за емоционалното задоволство на децата.
- Начинот и квалитетот на вклучувањето на родителите влијае на децата, родителите и учителите.

Колку порано родителите се вклучат во образованието на своите деца, толку се поголеми ефектите од нивната вклученост (Michigan Department of Education, 2002). Хендерсон и Мап (2002) го поткрепуваат ваквиот заклучок во својот преглед на резултатите од релевантни истражувања. Тие тврдат дека програмите за поддршка на раниот детски развој и образование, во кои родителите се обучуваат како да работат со своите деца дома, имаат уште позначаен позитивен ефект на постигнувањата на децата, при што тој успех е целосно поврзан со траењето на родителскиот ангажман во програмата. Тоа се однесува на сите деца, без разлика на потеклото и социоекономскиот статус на семејството. Во некои случаи, децата со најизразени тешкотии во учењето најмногу профитираат од ваквиот тип на родителска поддршка.

Хендерсон и Мап додаваат дека „училиштата коишто успешно ги вклучиле родителите и заедницата во воспитувањето и образованието на децата, се поотворени



© Copyright International Step by step Association 2011, сите права се задржани

и подобро реагираат на потребите на родителите и заедницата". Авторите објаснуваат зошто „*односите се важни*": училиштето ги доживува и третира родителите и членовите на заедницата „повеќе како субјекти во процесот на унапредување на нивото на постигнувањата на децата отколку како товар. Нивото на *социјално поврзување* може да го предвиди/навести успехот во училиштето". Еден од најдобрите начини да ги видиме родителите како субјекти е да ги вклучиме во заедничкото донесување одлуки поврзани со учењето, развојот и социјалниот живот на децата во училницата.

Хендерсон и соработниците (2007) наведуваат четири темелни уверувања на учителите кои би требало да бидат темел на вклучувањето на семејствата во програмите во училиштето:

1. Учителите мора да веруваат дека сите родители имаат соништа врзани за своите деца и за нивниот живот и дека им посакуваат сè најдобро.
2. Учителите мора да веруваат дека сите родители имаат капацитет да ги поддржат своите деца во учењето.
3. Родителите и училишниот персонал треба да бидат рамноправни партнери.
4. Примарната одговорност за градењето партнерства меѓу училиштето и домот почива првенствено на вработените во училиштето.

Хувер-Демпси и Сандлер (1997) тоа и го потврдуваат. Тие заклучуваат дека начинот на кој родителите гледаат на своите обврски како родители и колку се чувствуваат сигурни во својата способност да им помагаат на своите деца, влијае на нивната одлука дали и на кој начин ќе се вклучат во работата на училиштето. Како и да, родителите мора да имаат чувство дека училиштето вистински ги кани да се вклучат во активностите. Интересно е дека тоа чувство на вистински повик на соработка би можел да биде и најважниот фактор за ввклучување на родителите.

Сите родители имаат соништа за своите деца, Но тие соништа и вербата на родителите во своите способности да му помогнат на детето во остварувањето на тие соништа, многу се разликува. Учителите и училиштата мора да ги почитуваат тие разлики меѓу семејствата. Дојдено е до заклучок дека таму каде што се препознаваат, почитуваат и се води грижа за културните и класните разлики, вклучувањето на родителите е ефикасно. Тоа значи дека се прифаќа филозофијата на партнерството според која, моќта и одговорноста се предмет на споделување.
Според Хендерсон и други автори (2007), односот на училишниот персонал и членовите на семејството е често непропорционален, па дури и еднostран. Учителите често себеси се сметаат за професионалци чиишто одлуки не би требало да бидат доведувани под прашање од членовите на семејството на децата. Заемноста на односот подразбира родителите да бидат прашани што е тоа што училиштата и програмите за ран детски развој можат да го понудат за да им помогнат на нивните деца и од нив да се побара да го споделат со учителите своето знаење, вештини и информации за културата и обичаите.

„Факторите за функционирање на училиштето кои во себе содржат создавање подобри односи имаат значително влијание на вклучувањето на родителите" (Хендерсон и Мап, 2009). Кога училишниот кадар „гради заемни односи на грижа и доверба" со семејствата кои во нив препознаваат „партнери во образовниот развој на нивните деца", тогаш овие односи ја засилуваат нивната „желба да бидат вклучени и влијаат на начинот на кој учествуваат во образовниот развој на своите деца".

Почитувањето на семејните разлики значи препознавање на постоењето на различните начини на вклучување што треба да им се понудат на семејствата. Епстеин (1995) нуди шест форми на вклучување на членовите на семејствата



© Copyright International Step by step Association 2011, сите права се задржани

што училиштата би можеле да ги понудат со цел да се унапреди соработката меѓу училиштето, семејството и заедницата. Тоа се:

1. *Родителство* – помагање на родителите да се здобијат со вештини и подобро разбирање на детскиот развој, што ќе им овозможи да создадат домашна средина која ќе го стимулира учењето и успехот на детето во училиште.
2. *Комуникација* – успешно комуницирање (училиштето со семејствата и обратно) за напредокот на децата и за воспитно-образовната програма.
3. *Волонтерство* – вклучување на родителите и другите членови на заедницата во волонтерски активности.
4. *Учење дома* – поврзување на училиштето и семејството преку размена на информации и идеи за активности што родителите можат да ги користат при учењето на нивните деца дома.
5. *Донесување одлуки* – вклучување на родителите и/или членовите на заедницата во донесувањето одлуки и управувањето со училиштето.
6. *Соработка со заедницата* – интегрирање на услугите и ресурсите на заедницата со ресурсите и услугите кои ги нуди училиштето со цел зајакнување на семејството, збогатување на курикулумот и унапредување на детскиот развој.

По спроведените анализи за тоа кои форми на вклучување имаат најсилно влијание на постигнувањата на децата, во Националните стандарди за партнерство на родителите и училиштето (The National Standards for Partnership; Parent Teacher Association, 2008) е дојдено до следниве стандарди:

1. *Добредојде за сите родители во училиштето и во заедницата* – семејствата се активни учесници во животот во училиштето, ценети и поврзани меѓу себе, со училишниот кадар, но и со она што го учат децата.
2. *Успешна комуникација* – членовите на семејството и училишниот кадар редовно разменуваат суштински информации за учењето и развојот на децата.
3. *Поттикнување успех во учењето* - семејството и училишниот кадар соработуваат за да го поттикнат учењето и здравиот развој на децата и во училиштето и дома и, заради поголема успешност во тоа, редовно ги користат можностите за усвојување нови знаења и вештини.
4. *Да се говори во име на секое дете* - членовите на семејството се охрабруваат да се залагаат за своите деца, заради праведен однос спрема нив и можности за учење кои ќе им помогнат да бидат успешни.
5. *Распределба на моќта* – членовите на семејството и училишниот кадар се рамноправни партнери во донесувањето одлуки кои влијаат на децата и заедно работат на информирањето, креирањето насоки, програми и практики.
6. *Соработка со заедницата* – членовите на семејството и училишниот кадар соработуваат со членовите на заедницата во поврзувањето на децата, членовите на семејството и училишниот кадар за да се зголемат можностите за учење, да се прошири работата на општествените установи и да се зголеми можноста за граѓанско учество.

Логично би било најуспешни да се оние програми на вклучување на родителите / семејството во кои се нудат разновидни начини на нивно учество. Почитувајќи го фактот дека родителите и членовите на семејството се разликуваат меѓу себе во поглед на подготвеноста, способностите и времето што го имаат на располагање, училиштата би требало да им понудат континуум на опции за вклучување. Треба да се истакне дека истражувањата (Henderson и Mapp, 2002) покажуваат дека еден од најефикасните начини да се влијае на постигнувањата на детето е да се поврзе учеството на членовите на семејството со резултатите на воспитувањето и образованието на нивните деца, односно семејството да се вклучи во донесувањето одлуки поврзани со целите на учењето на нивните деца.


© Copyright International Step by step Association 2011, сите права се задржани

Истражувањата (Hoover-Dempsey и Sandler, 1997), исто така, откриваат дека родителите имаат подобар однос спрема училиштето и подобра перцепцијата за себеси како родители кога се вклучени во учењето на своето дете. Кога ќе се вклучат во работата на училиштето / одделението, родителите често не веруваат дека тоа може да има каков било ефект, за подоцна да бидат многу задоволни што можат да дадат значаен придонес кон учењето и развојот на нивното дете. Важно е училиштата и членовите на семејствата да бидат свесни дека учеството на семејството ги поттикнува децата да учат, да се однесуваат соодветно и да развиваат ставови без оглед на приходите, образованието и работниот статус на родителите. Во прегледот на 29 студии на програмите училиште - родител, Волберг (1984) открива дека учеството на родителите во воспитувањето и образованието е двојно порелевантно за академскиот успех на децата од семејниот социоекономски статус.


© Copyright International Step by step Association 2011, сите права се задржани

## ИНДИКАТОРИ НА КВАЛИТЕТОТ

**2.1.1**

**Членовите на семејствата се поканети и добредојдени во училницата, а учителот изнаоѓа разни начини на кои тие можат да учествуваат во образовниот процес и во животот на децата.**

### Квалитетна пракса

Учителите мора да го почитуваат фактот дека децата со кои работат доаѓаат од најразлични семејства, па затоа мора да соработуваат со сите тие семејства. Некои деца припаѓаат на семејства со двајца родители, други имаат самохран родител (разведен/а, вдовец/вдовица или никогаш не стапил/а во брак), а некои имаат родители од ист пол. Некои деца доаѓаат од мешани семејства. Некои деца имаат многу млади родители (дури и тинејџери), а некои повозрасни родители. За некои се грижат бабата и дедото или други блиски роднини, па дури и постарите браќа и сестри, или се усвоени или живеат во дом. Некои деца доаѓаат од многучлени семејства во кои под ист покрив живеат повеќе генерации, вклучувајќи ги тетките, вујковците и братучедите. А некои се единствено дете во семејството. Некои имаат високообразовани родители, додека родителите на други имаат завршено само основно образование. Некои имаат родители/членови на семејството со посебни потреби. Има и деца кои имаат член на семејството кој е во затвор.

Без разлика од какво семејство доаѓа детето, сите семејства мора да се чувствуваат добредојдени да придонесат на свој начин во работата и животот во училницата. Учителите мора да трагаат по начини на вклучување не само на родителите и членовите на семејството, туку и на припадниците на заедницата кои на извесен начин учествуваат во животот на детето. Имајте на ум дека учеството е двонасочен процес. Пред да посакаат да се вклучат, членовите на семејството мора да бидат прифатени и да имаат топол и близок однос со учителите и училишниот кадар. Блискоста и прифаќањето, учителите можат да ги искажат на повеќе начини: едноставниот натпис *Добредојдовте* и други корисни информации изложени во училницата/училиштето покажуваат дека членовите на семејствата на децата и на заедницата ги сметаат за важни фактори во воспитувањето и образованието на децата. Едноставниот поздрав упатен кон секој што влегува во училницата/училиштето, дури и кога само го носи/зема детето во/од училиште, им праќа порака на семејствата/членовите на заедницата дека се добредојдени.

Учителите треба да веруваат дека родителите и членовите на семејството сакаат и имаат потенцијал да бидат партнери во воспитувањето и образованието на своите деца. Портата за вклучување на семејствата во учењето на нивните деца на училиште се отвора кога учителите разговараат со родителите и членовите на семејствата за важноста на нивното учество без оглед во каква форма. Притоа, учителите мора да користат цела низа формални и неформални техники за откривање на интересот и потенцијалите на родителите / членовите на семејствата и и на времето што го имаат на располагање за да учествуваат во активностите во училницата/училиштето кои се одвиваат во определен термин. Корисни техники се анкетите, разговорите, запишувањето на специјалните потреби во врска со тематските единици на проучување и поставувањето табели со активностите во кои возрасните можат да се вклучат. Учителите можат да им понудат на родителите низа предлози за вклучување во работата на училиштето: од волонтирање во училницата, преку активности



© Copyright International Step by step Association 2011, сите права се задржани

што можат да се прават со детето дома, до пренесување нови знаења од сопствената професионална област или раскажување приказни. Кога се луѓето добро информирани за она што се случува во училницата/училиштето, можат полесно да одлучат како и во што би сакале да учествуваат. На пример, доколку знае дека учениците учат за камења, членот на некое семејство кој е геолог или златар може да им понуди материјали или информации од таа област.

Недоволното планирање и меѓусебно разбирање може да бидат двете најголеми препреки за ефикасно вклучување на родителите / семејствата. Училишниот кадар кој сака да иницира ефикасни програми, треба да биде добро организиран и либерален во пристапот кон вклучувањето, а членовите на семејството мора да имаат можност, врз основа на своите интереси и слободното време, да избираат меѓу различни активности. Тоа значи дека учителите ќе препознаат дека дури и кога родителот не може да дојде во училиштето, важно е тој да биде вклучен во образованието на своето дете.

Со таа цел учителите треба да покажат чувствителност за начините на кои членовите на семејствата би можеле најдобро да се вклучат во работата во училницата како волонтери. На родителите треба да им се дадат насоки за однесување и како да се вклучат во активностите во кои ќе учествуваат во текот на својот престој во училницата. Волонтерот треба да има јасна слика за целта на активноста и да ја разбира филозофијата на работата со деца. Во различните центри на активност би можело да се поставаат натписи со едноставни информации за центарот и за тоа што прават учениците во него. Колку подобро се информирани волонтерите, толку поефикасни ќе бидат во работата со децата. На крајот, учителот треба да пронајде начин да им оддаде признание и благодарност на членовите на семејствата/заедницата за придонесот во текот на нивниот престој во училницата. Тоа може да се направи во писмена форма со пораки што ќе бидат закачени на огласната табла, со мали огласи во училишниот/одделенскиот весник или со кратки писма на благодарност што ќе ги напише заедно со учениците.

## Чекор напред

Учителите одат чекор напред во својата пракса кога ги идентификуваат пречките за поголема вклученост на членовите на семејствата/заедницата (особено на оние кои се припадници на малцинствата) во градењето партнерски односи и бараат алтернативни начини со кои би можеле да ги надминат тие пречки. На пример, доколку членовите на семејствата не поседуваат соодветно ниво на писменост, им се обраќаат вербално. Или доколку родителите не го говорат јазикот што се користи во училиштето како наставен, учителите мора да организираат превод на писмените материјали наменети за родителите на јазик што тие го разбираат. Понекогаш, родителите не можат да дојдат на родителските состаноци доколку не им се обезбеди сместување и грижа за помалите деца – или воопшто не можат да дојдат освен ако не им се организира превозот. До решението на ваквите проблеми се доаѓа полесно ако за нив отворено се разговара на училишните состаноци.



© Copyright International Step by step Association 2011, сите права се задржани

**Кога членовите на семејствата се поканети и добредојдени во училницата, а учителот изнаоѓа разни начини на кои тие може да учествуваат во образовниот процес и во животот на децата, тогаш децата:**

- градат позитивни, емоционално стабилни односи со возрасните;
- се развиваат социјално и емоционално;
- имаат позитивни ставови и однос спрема училиштето;
- се чувствуваат сигурно;
- имаат позитивни искуства;
- повеќе учествуваат во учењето;
- постигнуваат повеќе на академско и когнитивно ниво.

## 2.1.2 Квалитетна пракса

**Учителот ги вклучува родителите во заедничко донесување одлуки во врска со учењето и развојот на нивните деца и социјалниот живот во училницата.**

Правата и одговорностите на родителите за насочување на своите деца мора да се почитуваат (Конвенција за правата на децата на ОН, 1990). Тоа значи дека предучилишните и училишните установи се обврзани да работат во партнерство со родителите и другите членови на семејството на прашањата кои се однесуваат на децата.

Заедничкото донесување одлуки не е можно без доверба. Хендерсон и Мап (2002) потенцираат дека тоа подразбира почитување на учеството на семејствата и нивно поврзување низ заеднички активности кои се фокусирани на децата и на нивното учење. Уште еднаш потенцираме дека целисходната комуникација е клуч на успехот. Учителите треба со членовите на семејството редовно да разменуваат идеи, заеднички да ги планираат целите на учење и развој и да го евалуираат напредувањето на децата. Учителите, врз основа на тие заеднички идеи, треба да го градат процесот на учење и развој, а потоа да му објаснат на семејството како напредува детето. Доколку е потребно, учителите, врз основа на добиените информации, треба да ги прилагодат плановите и секојдневните активности.

За да можат заедно да носат одлуки, на членовите на семејството им се потребни информации за нивните деца од учителот, а на учителот од членовите на семејството. Учителите можат да користат разни формални и неформални методи за собирање податоци за интересите на детето, за неговите потреби и силни страни. Тоа можат да бидат анкети, листи за проверка, набљудување или разговори со родителите/членовите на семејството. Од друга страна, пак, прегледот на ученичкото досие на детето, заедно со писмените и усните оценки, им овозможуваат на членовите на семејството да добијат увид во развојот на своето дете. Со сета оваа документација учителот им испраќа порака на членовите на семејството дека го разбира нивното дете, со што се зголемува нивната доверба во учителот. Ученичкото досие е исклучително драгоцен извор на информации бидејќи во него можат и учителите и родителите да пишуваат коментари за работата на детето со кои сметаат дека може да се илустрира процесот на неговото учење и развој. Тоа станува темел врз кој семејствата и учителите заедно можат да ги развиваат посебните образовни цели на детето. Доколку некое дете во училницата



© Copyright International Step by step Association 2011, сите права се задржани

работи според индивидуално приспособен план, членовите на неговото семејство, исто така, би требало да бидат вклучени во осмислувањето и вреднувањето на таквиот план.

За време на состаноците на родителите/семејствата, децата и учителите, членовите на семејствата можат да се вклучат во дефинирање на целите и во размена на информации за напредокот на нивните деца. Притоа, иницијативата за разговор на таа тема и за носење одлуки за идните акции може да потекне или од учителот, кој ќе ги покани членовите на семејството, или од семејството, кое ќе го побара тоа од него. Исто така, кога се говори за напредокот на детето, важно е тоа да се прави со чувство за семејните вредности, цели и можни реакции. Доколку детето има некој проблем, вината за тоа никогаш не смее да се префрла на семејството. Наместо тоа, учителот треба да го охрабри семејството да понуди идеи за тоа како тој би можел да помогне за подобрување на нивната комуникација со детето. Низ комуникацијата со родителите, учителот треба да им порача дека ги смета за компетентни и дека високо ги вреднува нивните родителски способности и семејна култура.

Низ целокупната комуникација со членовите на семејството, учителите треба да водат сметка за нивните интереси, потреби и грижи. Треба брзо да реагираат на она што родителите им го велат и притоа да бидат што е можно поактивни. Учителите градат однос на партнерство со членовите на семејствата секогаш кога заедно со нив планираат што треба да направат за да решат некој проблем.

## Чекор напред

Учителите одат чекор напред во својата пракса кога работат на зајакнување на улогата на семејствата и кога се сојузници со нив во залагањето нивниот глас да се слуша кога се работи за прашања поврзани со учењето и развојот на нивните деца. Иако UNHCR посебно го нагласува правото на родителите да ја имаат примарната одговорност за своите деца, учителите често не ги препознаваат нивните желби, особено кога се работи за семејства кои се дел на ранливи и обесправени групи. На пример, некои членови на семејствата не се осмелуваат да се противстават на одлуката нивните деца да се сместат во специјални училишта или во поправни паралелки. Учителите треба да се залагаат за промена на практиката која не ги охрабрува родителите активно да се вклучат во носењето одлуки поврзани со учењето на нивните деца. Тоа може да го постигнат доколку проговорат за овие проблеми во заедницата и на професионалните средби или интернет форуми, но и доколку работат на нивно надминување на ниво на училиштето.

**Учителот ги вклучува родителите во заедничко носење одлуки во врска со учењето и развојот на нивните деца и социјалниот живот во училницата Кога учителот ги вклучува членовите на семејствата во заедничко носење одлуки во врска со учењето и развојот на нивните деца и социјалниот живот во училницата, тогаш децата:**

- се чувствуваат посигурно и побезбедно бидејќи им е појасно што се очекува од нив;



© Copyright International Step by step Association 2011, сите права се задржани

- имаат позитивни искуства врзани за училиштето бидејќи училницата е потесно поврзана со нивниот дом;
- се поактивни во учењето;
- напредуваат во академскиот и когнитивен развој;
- се поуспешни во совладувањето препреки и предизвици;
- се задоволни поради почестото учество на членовите на нивното семејство во нивните активности.

## 2.1.3 Квалитетна пракса

**Учителот со членовите на семејствата донесува заеднички одлуки во врска со условите за учење на децата.**

Учителот ги вклучува родителите/членовите на семејството канејќи ги да учествуваат во донесувањето одлуки за содржината и операционализацијата на програмата и прашувајќи ги како тие и нивните деца би можеле да учествуваат во креирањето на средината за учење (како во емоционална, така и во социјална смисла) во училиштето. Родителите со поголемо задоволство ќе учествуваат во активностите доколку се тие во согласност со нивното разбирање и со нивните потреби и кога гледаат дека нивниот придонес во обликувањето на програмата е неопходен за нејзиниот успех.

Во одделението, учителите треба да ги откријат вредностите, целите, грижите, потребите и очекувањата на семејствата. Родителите/членовите на семејствата може да се поканат да помогнат во дефинирањето на правилата во одделението/училиштето, распоредот на училишниот превоз, целите на програмата, воннаставните активности, вклученоста во заедницата, спортските настани, драмските претстави, кампови и летните и зимските одмори. Членовите на семејствата можат да учествуваат и во изборот на темите, проектите, тематските екскурзии за целото одделение и да помогнат во нивното организирање и реализирање. Родителите дури можат да бидат вклучени и во изборот на темите за состаноците на родителите / членовите на семејствата со учителите.

Секако, сето ова е полесно кога родителите/членовите на семејството се информирани за долгорочните и краткорочните наставни планови и кога им се даваат информации за тоа како можат да учествуваат во работата во училницата. Учителите можат да ја споделат одговорноста за средината и материјалите за учење со членовите на семејствата со тоа што ќе ги поканат да иницираат некоја активност, да осмислат и да изработат некој едукативен материјал, да бидат гости во училницата во улога на експерти за определена област или да донесат ракотворби и други предмети и материјали.

Од учителите се очекува уште од првата средба со родителите/членовите на семејствата да се обидуваат да најдат начин да ги вклучат во донесувањето одлуки за нивните деца. Треба да направат сè што е потребно за да бидат сите родители информирани за своите права и обврски во донесувањето одлуки поврзани со програмата. Тие ги поттикнуваат родителите/членовите на семејствата да бидат активни учесници во управувањето со училницата/училиштето, но и јасно да ги изразуваат своите очекувања пред управата на училиштето. Секогаш кога е тоа можно, учителите треба да ги вклучуваат



© Copyright International Step by step Association 2011, сите права се задржани

членовите на семејствата во пишувањето на филозофијата, целите и оперативните постапки на програмата, зајакнувајќи им го на тој начин чувството дека програмата е нивен производ.

## Чекор напред

Учителите одат чекор напред во својата пракса кога прават сè членовите на семејствата и на заедницата, како и персоналот во училиштето да разберат дека учењето и развојот на децата е заедничка одговорност на сите. Тоа значи дека својата моќ треба да ја споделат со родителите/членовите на семејствата и на заедницата. Хендерсон и Мап (2002) нудат неколку предлози за остварување на ова, меѓу кои се и заедничкото разгледување на прашањата на националните образовни реформи, како и заедничко донесување одлуки за соодветните промени на ниво на училиштето.

**Кога учителот со членовите на семејствата донесува заеднички одлуки во врска со условите за учење на децата, тогаш децата:**

- се горди што членовите на нивното семејство учествуваат;
- се полни со самодоверба бидејќи гледаат дека нивното семејство е почитувано;
- се успешни и имаат попозитивна слика за себеси;
- се поопуштени и поотворени за учење, бидејќи истото е прилагодено на семејните цели;
- се чувствуваат сигурно и дека имаат поддршка од членовите на своето семејство и од своите учители;
- развиваат подобри односи со учителите и со членовите на своето семејство;
- учествуваат во учењето.



© Copyright International Step by step Association 2011, сите права се задржани

**ПРИНЦИП 2.2**
**Учителот користи формални и неформални ситуации за комуникација и споделување информации со семејството.**

2.2.1 Учителот редовно разговара со семејствата во врска со нивните деца, за нивното учење и развој, за наставната програма и за случувањата во училницата.

2.2.2 Учителот редовно разговара со семејствата за да дознае нешто повеќе за средината од која доаѓа детето и за да увиди кои се неговите посилни страни, неговите интереси и потреби.

2.2.3 Учителот создава можности семејствата да учат едно од друго и да се поддржуваат меѓусебно.

2.2.4 Учителот ги чува во доверба информациите за семејствата и децата.



© Copyright International Step by step Association 2011, сите права се задржани

**Зошто е важно учителот да користи формални и неформални ситуации за комуникација и размена на информации со семејствата**

Детското учење и развој се нераскинливо поврзани со семејството. Од тоа произлегува дека ако сакаме да го поттикнеме оптималниот развој и учењето на детето мораме да имаме поцелисходна комуникација со нивните семејства. Целисходната комуникација на училиштето и семејството влијае на подобрување на меѓусебното разбирање, доверба и на градењето мостови меѓу семејната и училишната култура. Да се има целисходна комуникација значи да се признае приматот на семејството на детето, да се воспоставaт со членовите на семејството односи кои се темелат на заемна доверба и почит, да се поддржат и вклучат семејствата во процесот на образовен развој на детето и да се поканат целосно да учествуваат во воспитно-образовниот процес што се одвива во училиштето.

Епстеин (1995) истакнува дека целисходната, континуирана, двонасочна и осмислена комуникација со родителите/семејствата во врска со училишната програма и напредувањето на детето, придонесува кон подобрување на нивните постигнувања. Пејн и Каба (2001) покажуваат дека квалитетната интеракција меѓу учителот и родителот е тесно поврзана со квалитетот на училиштето. Тоа унапредување на квалитетот опфаќа подобри односи меѓу учителот и родителот, посилна родителска поддршка и ги уверува родителот и директорот на училиштето дека учителите кои успешно комуницираат со родителите се подобри во својата работа.

И родителите имаат придобивки од целисходната комуникација со училиштето. Истражувањата (Hoover-Dempsey, Sender, 1997; Henderson, Mapp, 2002) покажуваат дека родителите и дома и во училиштето се повеќе вклучени во развојот и во учењето на своите деца кога веруваат дека учителите квалитетно ги информираат, дека го почитуваат нивниот придонес и кога им даваат совети како да им помогнат да децата во учењето. Кога успешно се вклучени во работата на училиштето, родителите имаат чувство и дека се успешни во односите со своите деца. Згора на тоа, кога имаат чувство дека нивното присуство во училницата е добредојдено, дека се поттикнати на соработка и дека им се нудат стратегии како да им помогнат на своите деца во учењето, родителите се задоволни од квалитетот на воспитувањето и образованието на нивните деца. Таквото задоволство на родителите е исклучително позитивно за работата на учителот.

Интеракцијата со членовите на семејствата е попозитивна кога учителите спрема нив се однесуваат со почит и емпатија. Тоа е возможно единствено доколку учителите, наместо да говорат и да „држат лекции“, почнат да ги слушаат членовите на семејствата. Учителите може да ги прашаат родителите како ги охрабруваат своите деца дома, да разговараат со нив за личните искуства од (пред)училишните денови или да им ги кажат своите очекувања врзани со образованието на нивните деца (Henderson и Mapp, 2002). Целисходната комуникација подразбира и внимателно да се ислуша што ги загрижува семејствата, нивните грижи да се сфатат сериозно и да се преземат чекори за да се помогне во нивното решавање. Во партнерскиот однос учител – семејство е важно постојано да се има на ум дека двете страни имаат специфични знаења и вештини. Родителите се целосно упатени во развојот на своите деца (телесен, емоционален, когнитивен и социјален) и ги познаваат нивните интереси, афинитети и животен стил. Учителот, пак, има познавања од областа на воспитно-образовната работа, за стратегиите за проценка, за училишната образовна политики, за правилата и процедурите и за тоа како детето напредува во училиштето. Партнерството се развива кога двете страни низ меѓусебна соработка ќе ги обединат своите знаења и ставови.

Комуникацијата со членовите на семејствата ќе биде целисходна и доколку



© Copyright International Step by step Association 2011, сите права се задржани

учителите подобро ја запознаат и се здобијат со разбирање за семејната култура на секое дете. Тоа ќе им овозможи детскиот социо-емоционален развој да го сместат во контекст на неговото семејство. Културата влијае на секој аспект од човековиот развој. Нејзиното влијание врз воспитувањето на децата е од исклучително значење бидејќи ги дефинира вредностите, заложбите, очекувањата и обичаите.

Учителите, исто така, знаат дека некои семејства се поподготвени за комуникација од други. Треба да бидат свесни дека многумина возрасни имале лоши искуства во училиштето и дека поради тоа им е тешко да изградат доверба, особено со луѓето кои имаат позиција на моќ или кои не ги познаваат доволно. Членовите на семејствата ќе бидат поподготвени да побараат совет ако чувствуваат дека учителот е подготвен да им помогне, дека не ги осудува, дека не е „сезнајко“ и, пред сè, ако гледаат дека го сака и почитува нивното дете. Секој сака да чуе добри работи за своето дете, па родителите секако повеќе би сакале да соработуваат со учителот кој кај нивното дете ги забележува добрите, а не само лошите страни.

Треба да ни биде повеќе од јасно дека „одговорноста за развојот на детето е заедничка“ (Henderson и Mapp, 2002). Членовите на семејствата во училиштето треба да се поттикнуваат да учат едни од други и да се поддржуваат меѓусебно, да планираат, заеднички да одредуваат правила и да носат одлуки кои ќе го унапредат нивното вклучување, но и постигнувањата на учениците. Членовите на семејствата можат меѓусебно да се поддржуваат. Важно е програмите за ран детски развој и образование да им помогнат на родителите да изградат социјална мрежа (Riley et al., 2008). Истражувањата (Crockenberg, 1981) покажуваат дека кога родителите имаат поголема социјална поддршка, поголема е веројатноста да остварат емоционални врски со своите деца, да ги зајакнат своите родителски компетенции и детскиот развој да биде подобар.



© Copyright International Step by step Association 2011, сите права се задржани

## ИНДИКАТОРИ НА КВАЛИТЕТОТ

### 2.2.1

**Учителот редовно разговара со семејствата во врска со нивните деца, за нивното учење и развој, за наставната програма и за случувањата во училницата.**

### Квалитетна пракса

Комуникацијата со родителите во училиштето е еден од најважните аспекти на работата со деца. Доколку истата е успешна, децата, нивните семејства и институциите цутат, доколку пак е лоша и незадоволителна, тоа резултира со конфликти и меѓусебни обвинувања. Родителите се првиот и најважен учител на детето кој му го посакува само најдоброто. Како професионалци, учителите се дел од тимот кој помага во детското воспитување и образование. Кога учителите ги поддржуваат заложбите на родителите во воспитувањето на нивните деца, родителите, сосема природно, ги почитуваат заложбите на учителите. Во срцевината на таа меѓусебна поддршка е размената на информации и комуникацијата.

Важно е на почетокот на секоја педагошка година членовите на семејствата да се информираат за нивното право за добивање информации за воспитно-образовниот курикулум и за напредокот и постигнувањата на нивните деца. Исто така е важно, на родителите да им се даде информација и за начините на кои можат да комуницираат со учителите и за тоа какви информации за учењето на децата можат да очекуваат од нив. Членовите на семејствата мора да имаат јасни очекувања за тоа што може да биде предмет на комуникација, а задача на учителите е да се погрижат тој договор се оствари.

Членовите на семејствата, исто така, треба редовно да се информираат за случувањата во училницата. Изненадувањата не се добри. За да оствари успешна комуникација со сите семејства, учителот веројатно ќе мора да ја индивидуализира комуникацијата со некои од нив така што ќе се прилагоди на распоредот на нивните дневни обврски, јазикот кој го говорат и на нивните очекувања. Тоа може да се направи на следните начини:

- Разговор со родителите кога ги носат/земаат децата во/од училиште;
- Организирање „отворени денови“ за семејствата кога може да бидат информирани за целите и очекувањата што ги наметнува курикулумот и за случувањата во училницата. Притоа, тие информации може да се индивидуализираат за да им се овозможи на сите родители да ги разберат потребите и достигнувањата на своите деца;
- Употреба на флексибилен распоред и различни форми на комуникација, како електронска пошта, состаноци, телефонски разговори, посети на домот на децата и писмени известувања за напредокот на детето, во зависност од тоа што најдобро одговара на потребите на семејството и на околностите;
- Објавување дневни, неделни и месечни планови со цели и активности на огласната табла за родители;
- Објавување интересни информации (детски изработки, размислувања, изјави) за случувањата во училницата;
- Организирање индивидуални состаноци со родителите на кои се разговара за напредокот, достигнувањата и предизвиците со кои се соочуваат нивните деца;



© Copyright International Step by step Association 2011, сите права се задржани

- Проширување на комуникацијата со родителите низ вклучување нови форми на комуникација, како посети на семејството во нивниот дом, пишување пораки и употреба на бележници како медиум за комуникација меѓу семејството и училиштето;
- Креирање посебно место на кое родителите ќе можат да ги пишуваат своите пораки;
- Заедничко прегледување на ученичките досиеја со родителите.

## Чекор напред

Учителите одат чекор напред во својата пракса кога ќе разберат дека начинот на нивната комуникација со родителите може да влијае некои семејства да бидат исклучени. На пример, помалку образованите членови на семејствата може да се почувствуваат загрозени од учителите и да чувствуваат дека комуникацијата е еднонасочна (од учителот кон членот на семејството). Учителите мора да бидат свесни за овие проблеми и да направат сè родителите да се чувствуваат поудобно и посамоуверено.

**Кога учителите редовно комуницираат со семејствата за децата, за нивното учење и развој, за барањата на курикулумот и случувањата во училницата, тогаш учениците:**

- се чувствуваат почитувано и им расте самодовербата бидејќи гледаат дека нивните родители се почитувани;
- чувствуваат сигурност и поддршка од родителите и учителите;
- развиваат односи засновани на доверба со родителите и учителите;
- имаат попозитивни искуства во училиштето;
- се поуспешни во совладувањето на предизвиците;
- се ангажирани во учењето.

**2.2.2**

**Учителот редовно разговара со семејствата за да дознае нешто повеќе за средината од која доаѓа детето и за да увиди кои се неговите посилни страни, неговите интереси и потреби.**

## Квалитетна пракса

Учителите и членовите на семејствата можат заедно да работат на креирањето на најдобрата програма која ќе ги задоволи потребите на децата. Членовите на семејствата најдобро ги познаваат своите деца и можат на учителите да им дадат низа информации за нивниот однос со другите, за нивните силни страни, интереси и за нивните искуства надвор од училиштето. Таквите информации му помагаат на учителот подобро да го разбере детето и придонесуваат за поголем успех во учењето и развојот. Соработката меѓу семејството и училиштето ги обединува силата на семејството и стручноста на училиштето во функционално партнерство. Секое прашање, проблем и воспитно-образовна цел мора да го вклучува и семејството на детето.

Учителите треба да собираат информации од членовите на семејствата за нивните очекувања, цели и потреби во секоја можна ситуација. Потребно е да се собираат и информации за искуствата на децата дома, вклучувајќи ги и оние од предучилишната возраст. Корисните информации од членовите на семејствата може да се однесуваат на навиките на децата, нивните омилени активности, посебни интереси, играчки, книги, игрите што најмногу сакаат да ги играат, посебните личности во нивниот живот и значајните настани што се слават во семејството. За да покажат дека искрено ги


© Copyright International Step by step Association 2011, сите права се задржани

повикуваат родителите на соработка, учителите можат да ги посетат дома. Целта на таквите посети е да се дознае нешто повеќе за детето, а не да се критикува детето или неговиот дом.

Учителите треба редовно да разговараат со родителите и за да дознаат повеќе за новите вештини што детето го усвоило дома и за случувањата во домот кои влијаат на неговиот живот. Врз основа на тие информации, треба да прават прилагодувања во програмата, рутините и активностите. Овие информации од семејствата можат да се добијат врз основа на цела низа формални и неформални начини, како што се прашалниците и усните реакции на родителите додека го прелистуваат досието на детето.

Учителите кои имаат изградено партнерство со членовите на семејствата на децата во одделението, мора да го разберат културолошкиот контекст во кој тие живеат. Тие мора јасно и со почит да комуницираат со семејствата и да покажат искрен интерес за благосостојбата на децата и нивните семејства. За да се одржува доследност во воспитувањето и образованието на детето меѓу семејниот дом и училиштето, важно е од членовите на семејството да се добијат информации за тоа каков е односот спрема децата дома и какви културолошки обичаи го определуваат тој однос. Учителите треба да бидат сензибилизирани за етничките, расните и јазичните разлики, како и за потеклото на членовите на семејствата. Во исто време, неопходно е да се одбегнува етикетирање и стеротипизирање на семејствата и децата. Учителот треба да биде вешт во водењето на родителските средби за да создаде и одржи атмосфера на заедничка тимска работа меѓу семејствата и училиштето и да им пренесе на родителите соодветни и остварливи начини за поттикнување на детето на учење дома.

## Чекор напред

Учителите одат чекор напред во својата пракса кога настапуваат како сојузници на родителите и настојуваат во воспитно-образовниот состав да се слушне и гласот на родителите. За да креираат програми што се најдобри за децата, училиштата треба во своите планови да ги вградат и семејните вредности, потреби, силни страни, соништа, цели и значајни гледишта. Учителите можат да помогнат тоа да се реализира. На пример, доколку на семејството му е неопходна дополнителна помош околу детето надвор од редовната настава, учителот може да ја понуди својата помош. Доколку некој од семејството се побуни против храната што им се нуди на децата во училиштето, учителот може да предложи заедно со родителот да разговара со директорот на училиштето за тоа.

**Кога учителот редовно комуницира со семејствата за да дознае повеќе за потеклото на детето и да се здобие со увид во неговите силни страни, интереси и потреби, тогаш учениците:**

- чувствуваат поддршка бидејќи нивниот семеен контекст е разбран и им се нудат искуства кои за нив имаат повеќе смисла;
- подобро се развиваат во домот бидејќи родителите знаат како да им помогнат;



© Copyright International Step by step Association 2011, сите права се задржани

- чувствуваат дека возрасните (учителите и членовите на нивното семејство) подобро ги разбираат;
- имаат повеќе самодоверба, бидејќи гледаат дека нивните родители се ценети како партнери;
- со учителите и родителите развиваат односи кои се темелат на доверба;
- имаат повеќе позитивни искуства;
- се поуспешни во совладувањето препреки и предизвици.

## 2.2.3

**Учителот создава можности семејствата да учат едно од друго и да се поддржуваат меѓусебно.**

### Квалитетна пракса

Секое дете и секое семејство се различни. Секое семејство има своја структура, историја, искуства и традиција. Поради тие разлики постојат повеќе начини на кои семејствата можат да учат едни од други и заедно да напредуваат. **Учителите можат на семејствата да им овозможат да учат едни со други, едни од други и едни за други.** На членовите на семејствата им користат разговорите за нивните чувства, сознанија и прашања со членовите на други семејства.

Учителите би требало формално да ги испланираат средбите со членовите на семејствата, во текот на кои би можеле да воспостават позитивни меѓусебни односи и да ги разменат знаењата и грижите поврзани со воспитувањето на децата. Учителите можат да организираат интерактивни работилници и дебати на кои родителите ќе можат да ги разменат своите искуства и практики во грижата за децата. Тие на родителите можат и да им понудат едукација од областа на тимската работа и заедничкото донесување одлуки, да ги оспособат и да ги поканат да учествуваат на состаноците на кои во училиштето се расправа за курикулумот, планот и програмата и за можностите за нивно унапредување. Општествените случувања се секогаш добар начин да ги привлечеме членовите на семејствата. Малата закуска на родителските состаноци или домашните специјалитети што самите родители ќе ги донесат, секогаш ги прават средбите попријатни.

Во некои други случаи, учителот може да помогне да се оствари самоиницијативното среќавање на родителите. На пример, понудувајќи ја училницата како простор за среќавање и дружење на родителите, тој ги поттикнува семејствата да се поврзуваат меѓу себе. Тој може да им биде од помош на родителите во барањето место и термин за средба или во доаѓањето до потребни информации. Може да им помогне да формираат тематски групи за поддршка или да организираат мрежа за размена на информации. Исто така, може да ги поттикнува членовите на семејствата да организираат излети, екскурзии, посети, спортски натпревари, претстави, кампови, летувања и зимувања за децата. Учителите можат да ги поттикнат родителите да преземат лидерска позиција, барајќи од нив да ги изразат своите ставови, прашања и да предлагаат теми за следните состаноци.

### Чекор напред

Учителите одат чекор напред во својата пракса кога ги поттикнуваат членовите на семејствата да креираат и да водат активности или состаноци за проблемите во општеството/заедницата кои ги загрижуваат. Притоа, нивната улога е повеќе во тоа да им бидат сојузници, а не спасители – да ги поддржат родителите, а не да го преземат врз себе решавањето



© Copyright International Step by step Association 2011, сите права се задржани

на тие проблеми.

**Кога учителот создава различни ситуации во кои членовите на семејството можат да учат едни од други и меѓусебно да се поддржуваат, тогаш учениците:**

- се чувствуваат удобно и сигурно, и дома и во училницата;
- развиваат позитивни и емоционално стабилни односи со возрасните;
- развиваат позитивни и компетентни односи со врсниците;
- се развиваат емоционално и социјално;
- разбираат дека тие и нивните семејства се дел од заедница;
- се гордеат со своите родители;
- имаат поголема самодоверба.

## 2.2.4

**Учителот ги чува во доверба информациите за семејствата и децата.**

## Квалитетна пракса

Оние кои работат со деца секојдневно се соочени со одлуки кои имаат морални и етички последици. Членовите на семејствата се зафатени и многу нешта се случуваат во нивниот секојдневен живот: смрт, болести, разводи, предизвици на работното место, финансиски грижи и сл. Ваквите семејни проблеми, членовите на семејствата можат да ги споделат со учителот единствено ако имаат доверба во него. Притоа, учителот треба и понатаму да ја одржува таа доверба, чувајќи ги интимните информации за себе, освен во случаи кога се работи за злоупотреба и запоставување на децата. Во секоја комуникација треба да се почитува приватноста на детето и на неговото семејство.

Понекогаш на учителот им е неопходна помош од колега, ментор или супервизор во врска со некое семејство или со некое дете во одделението или има потреба да дадат објаснување за детето на некои возрасни кои се во училницата. Во такви ситуации, учителите мора да бидат МНОГУ внимателни и никогаш да не говорат за некое дете и за неговото семејство кога тоа би можело да ги слушне. Иако е сосема во ред да се побара помош, тоа не смее да се направи така што детето ќе се засрами или одеднаш сето внимание ќе се насочи кон него.

Учителите мора да го почитуваат правото на приватност на секое семејство. Тоа значи дека од членовите на семејствата не смеат да бараат повратни информации ако тоа не е неопходно и не се однесува на работата на учителот. Учителите мора да ја зачуваат доверливоста и на информациите до кои дошле во текот на својата работа, освен ако тоа не е можно од професионални причини. Со членовите на семејствата треба да се разговара отворено за природата на таа доверливост и за ограничувањата што постојат во правата на доверливост на информациите што тие им ги даваат. Училишниот кадар и учителите мора да разговараат со членовите на семејствата за тоа во кои ситуации можат да бараат доверливи информации, а во кои случаи тие треба правно да се бараат. За тоа треба да се разговара што е можно порано и разговорот на темата да се продолжи доколку е потребно.

За приватни информации не смее да се разговара во опкружување во кое приватноста не е загарантирана – во јавни и полујавни



© Copyright International Step by step Association 2011, сите права се задржани

простори како холови, чекални, лифтови или ресторани; неопходно е да се заштити тајноста на членовите на семејствата за време на правни постапки во мера во која законот го допушта тоа; треба да се заштитат семејните пишани и електронски податоци и другите чувствителни информации; треба да се преземат разумни чекори за да се заштитат личните податоци на семејствата, пристап до нив да имаат само оние кои се овластени за тоа; кога се дава пример во текот на наставата, на ниту еден начин не смее да се открива за кое семејство станува збор – освен ако се има одобрение за тоа од семејството.

**Кога комуницираат со членовите на семејствата, учителите би требало:**

- да го прават тоа во доверба и на начин кој нема да предизвика развојни тешкотии кај децата; да предложат повторна средба и да дадат информации за ресурсите неопходни за решавање на проблемот;
- да обезбедат родителите и членовите на семејствата да се чувствуваат сигурни кога споделуваат информации;
- да ги чуваат во доверба информациите за децата и за членовите на семејствата (за нивните животни околности, проценката на напредувањето на детето, на неговото однесување, здравствена состојба или некои дополнителни потреби);
- да ги информираат членовите на семејствата за тоа кој има пристап до доверливите информации и што се прави за да се заштитат информациите;
- самите да моделираат и да им помагаат на другите да развијат вештини за чување доверливи податоци за однесувањето на детето и за резултатите од проценката на неговиот развој;
- да донесат правила за спроведување постапка на прибирање, чување и надзор на доверливи податоци и со нив да го запознаат останатиот кадар во училиштето и членовите на семејствата;
- да се оддалечат од други луѓе и од телефонот додека разговараат со членовите на семејството;
- пред да побараат од членовите на семејствата лични информации за нив или за нивните деца, да им објаснат зошто тие информации им се потребни и како ќе ги користат. Не прашувајте нешто што училиштето не мора да го знае. Уверете ги родителите дека учителите ќе ги чуваат доверливите информации.

Членовите на семејствата ќе се чувствуваат подобро доколку знаат што точно ќе се случува со информациите што ги споделиле и полесно ќе ги доверат кога знаат дека нема да им бидат откриени на други. Кога ќе ги увериме во тоа, тие ќе бидат во состојба да решат дали сакаат да ги доверат информациите или не.



© Copyright International Step by step Association 2011, сите права се задржани

**ПРИНЦИП 2.3 Учителот ги користи ресурсите во заедницата и семејната култура за да го збогати детскиот развој и образовните искуства.**

2.3.1 Учителот ги носи децата во заедницата или ги кани членовите на заедницата во училницата со цел да го зајакне детското учење и социјализација.

2.3.2 Учителот им помага на семејствата да дојдат до информации, извори и услуги кои им се потребни за да се подобри учењето и развојот на нивните деца.

2.3.3 Учителот ги користи своите сознанија за заедниците и семејствата на децата како интегрален дел на наставниот план и образовното искуство.

2.3.4 Учителот може да им понуди на родителите и на членовите на семејството информации и идеи за создавање постимулативни услови за учење во домот и за зајакнување на родителските компетенции.



© Copyright International Step by step Association 2011, сите права се задржани

**Зошто е важно учителот да ги користи ресурсите на заедницата и културата на семејствата за да го поддржи детскиот развој и да го збогати искуството на учење на децата**

Училиштата се простор во кој учителите, децата, членовите на семејствата и заедницата работат заедно на унапредување на благосостојбата, развојот и учењето кои се темелат на начелата на демократско учество. Кога учителите учествуваат во животот на заедницата и ги користат ресурсите што таа им ги нуди, се засилува нивната подготвеност за развивање партнерски односи со членовите на заедницата, т.е. со своите сограѓани. Последица на тие партнерски односи е растење на општото задоволство и развој на демократијата во општеството.

Децата се развиваат во семејства и заедници во кои се изразени различностите во семејните структури, јазиците што се говорат во нив, ризиците/ресурсите што постојат во средината, нивоата на способност, религиската припадност на луѓето и во културата дефинирана со обичаи. Заедничкото партнерство со семејствата вклучени во училишната програма и со заедницата е од извонредно значење за создавање и одржување средина во која детето може оптимално да ги развие своите потенцијали. Згора на тоа, заедниците во кои на соодветен начин се поттикнува родителството, грижата и образованието на децата во рани години, имаат тенденција за раст и развој како во социјална, така и во економска смисла, што придонесува кон квалитетот на животот на сите нејзини членови.

Кога членовите на заедницата ќе се вклучат во работата на училиштето, расте нивната свест за улогата на воспитувањето и образованието во општествениот живот. Со растењето на свеста, расте и бројот на кандидати за места во училишните и родителските одбори, се засилува чувството на сопственост и гордост на локалното училиште, пристапот станува поправеден, се зголемува квалитетот на курикулумот и воопшто на работата во училиштето (Henderson и Mapp, 2002).

Заедницата може успешно да се вклучи во работата на училиштето на повеќе начини, и тоа преку помош на децата дома, волонтирање во училницата, учество во донесувањето одлуки на ниво на училиштето, работа со управата на училиштето и залагање за поправедна и поквалитетна работа со децата. Целисходните стратегии за развој на таквото партнерство се разликуваат од заедница до заедница и зависат од локалните потреби, интереси и ресурси.

Преиспитувањето на интеракцијата меѓу училиштето и заедницата, на улогата на сите заинтересирани и на целите предвидени во програмата на училиштето, станува неопходно кога ќе се земе предвид фактот колку нови форми на поддршка може да понуди училиштето. Во моментот кога училиштето ќе преземе чекори за поврзување со заедницата, таа станува јадро на случувања и давање услуги, а не само установа која дејствува на маргините и одвоено од другите. Услугите што ги нудат локалните служби стануваат составен дел на образовната поддршка за децата и родителите што ја дава училиштето, така што соработката со нив е неопходна.

Низ партнерство со различните служби во заедницата, училиштето се обидува да ги отклони или да ги намали условите и однесувањата кои ја попречуваат способноста на децата за учење и да ги подобри условите за живот на децата и нивните семејства. Активните службеници во заедницата стануваат катализатори на развојот на партнерските односи. Учителите знаат кои услуги ги имаат на располагање, па полесно ги препорачуваат на децата и нивните семејства. Времето предвидено за професионален развој се користи за информирање на учителите за услугите што постојат во заедницата, за процесот на пренасочување кон тие услуги и какви последици може да има тоа врз


© Copyright International Step by step Association 2011, сите права се задржани

родителите. На пример, учителот може да дознае какви програми за описменување на возрасните постојат и на кој начин тие можат да се спроведуваат со родителите во насока на унапредување на квалитетот на условите за учењето на децата. Сè на сè, постои чувство дека сите работат заедно за целосно задоволување на потребите на детето.

Кога во училиштето ќе почне да се гледа на семејствата како на партнери и кога училиштето и семејствата ќе почнат да ја споделуваат одговорноста за учењето на детето, се зголемува нивото и разновидноста на начините на учество на семејствата, како и нивното на поддршката што семејството му ја дава на училиштето. Онаму каде што тоа партнерство ја вклучува и пошироката заедница, користа е уште поголема. Уште позначајно е тоа што кога училиштето, семејството и заедницата ја споделуваат одговорноста за учењето на детето, учениците имаат повеќе можности за посветено и смисловно учење. Децата ќе имаат можност да ја видат поврзаноста помеѓу она што го учат и прават во училиштето (училишниот курикулум) и вештините што им се потребни во реалниот свет.

На децата им е потребна поддршка од родителите, безбедно соседство, возрасни ментори и посветени учители. Потребни им се луѓе за пример, кои ќе им помогнат да го развијат своето чувство за граѓанска и општествена одговорност. Потребно им е чувство на припадност. Како општество, ние мораме да ги прегрнеме нашите деца. Иако можеби звучи како фраза, децата се нашата иднина и затоа е важно да развијат некои основни вештини: да имаат доверба, мирно да решаваат конфликти, креативно да мислат и да се грижат за другите.

Истражувањата (Riley и Schmidt, 1993; McCartney, Dearing и Taylor, 2003) покажуваат дека членовите на семејствата многу учат од учителите за воспитувањето на децата, со што средината во домот станува постимулативна за учењето на детето. Ова „образование за родителите“ се одвива на повеќе начини: 1) родителите учат како да ја поттикнат самостојноста на децата; 2) чувствуваат дека како родители добиваат поголема емоционална поддршка; 3) чувствуваат дека можат да учат имајќи го учителот како пример; 4) учат од искуството и знаењето на учителот; 5) се здобиваат со знаења за активности што можат да ги спроведат дома (Riley и други автори, 2008).



© Copyright International Step by step Association 2011, сите права се задржани

# ИНДИКАТОРИ НА КВАЛИТЕТОТ

## 2.3.1

**Учителот ги носи децата во заедницата или ги кани членовите на заедницата во училницата со цел да го зајакне детското учење и социјализација.**

## Квалитетна пракса

Заедницата е важна за секого. Соседството кое ги поддржува своите членови е клучен фактор за благосостојбата на децата, бидејќи тие се развиваат и учат низ општествени интеракции. Кога членовите на заедницата учествуваат во активностите во училницата, тие ги запознаваат децата подобро и нивниот успех им значи повеќе. Подготвени се да се залагаат за праведност, еднаков пристап и квалитет во грижата за децата и во нивното учење.

Учителите треба во курикулумот да воведат учење за различните аспекти на животот во заедницата, а тоа можат да го направат канејќи ги членовите на заедницата да им раскажат на децата за својот живот, работа, хоби и традиција. Гостите во училницата можат да бидат професионалци од различни општествени сфери и подрачја. Учениците треба да се изнесуваат надвор од училницата за да научат повеќе за заедницата и како да ги применуваат своите знаења во неа.

Учителите можат да организираат излети, посети и екскурзии за учење и социјализација. На пример, учителот заедно со учениците може да отиде во продавница за да купат нов прибор за работа, или пак во пошта или книжарница. Учителите можат да им понудат различни активности на учениците со кои ќе ги поттикнат да дојдат до информации за заедницата, учејќи ги како да спроведат истражување или интервјуа.

Општествената заедница може да стане видлива во училницата низ материјалите што учителот им ги нуди на учениците (литература, активности, материјали за игра), доколку тие се темелат на искуството на учениците. На пример, децата можат *да си играат* продавница откако сите заедно ќе посетат некоја, користејќи реквизити и средства за активноста по сопствен избор. Учениците можат да направат претстава за решавање некој проблем во заедницата. Притоа ги користат информациите што ги добиле од различните членови на заедницата. Учителите можат од членовите на заедницата да побараат средства што на учениците би им помогнале во драматизацијата на општествените улоги и активности.

Учителите можат да ги вклучат децата во работата на општествените служби (организирање претстави, волонтирање во хуманитарни цели, грижа за животните, набавка на храна за повозрасните жители на заедницата и сл.). Можат да им понудат на учениците можности да реагираат на различните општествени ситуации низ организирање дебати или заедничко пишување писма до локалните власти.

## Чекор напред

Учителите одат чекор напред во својата пракса кога пронаоѓаат и им нудат можности на децата да земат активна улога во животот на заедницата. Личното учество на децата им дава чувство дека се активни членови на заедницата кои даваат свој придонес.



© Copyright International Step by step Association 2011, сите права се задржани

**Кога учителот ги носи учениците во заедницата или ги кани членовите на заедницата во училницата за да го зајакне детското учење и социјализација, тогаш децата:**

- се чувствуваат како дел од својата заедница;
- се поактивни во процесот на учење;
- имаат мноштво активности што ги интересираат;
- го поврзуваат учењето со она што се случува во општеството;
- се гордеат со себе и со своето семејство, разбираат дека нивниот дом, градинка, училиште и заедница се меѓусебно поврзани;
- емоционално и когнитивно повеќе се развиваат, бидејќи нивните потреби се подобро задоволени низ вклучување на повеќе возрасни лица.

## 2.3.2

**Учителот им помага на семејствата да дојдат до информации, извори и услуги кои им се потребни за да се подобри учењето и развојот на нивните деца.**

## Квалитетна пракса

Постојат повеќе причини за градење партнерство меѓу училиштето, семејството и заедницата. Тоа ги унапредува атмосферата, програмата и квалитетот на работата во училиштето, обезбедува помош и поддршка за семејствата, позитивно влијае на развојот на родителските вештини и лидерство, ги поврзува семејствата со другите во училиштето и заедницата и им помага на учителите во работата. Сепак, најважната причина е што тоа партнерство им помага на децата да постигнат успех во училиштето и во животот. За да можат учителите им помогнат на семејствата во извршувањето на нивната најважна, но истовремено и најтешка задача – задачата на родители и заштитници – треба да им дадат поддршка, ресурси и информации за детскиот развој и да им помогнат да развијат вештини потребни за грижа и заштита на нивните деца.

Партнерството со заедницата може да им помогне на училиштата да обрнат внимание на некои прашања кои ги загрижуваат членовите на семејствата. Сè поголем број деца доаѓа од домаќинства во кои сите возрасни членови работат надвор од домот, па очекувањата на тие семејства дека училиштето ќе им помогне во грижата за децата се поголеми. Така, во заедницата може да се организира грижа за тие деца, дневен престој, помош при пишувањето на домашните задачи и едукативни програми за родителите. Многу често, пред да успеат да најдат време да одговорат на поканата од училиштето, родителите мораат да ги решаваат предизвиците што пред нив ги поставуваат тешките услови во кои живеат. Должност на учителите во такви ситуации е да ги информираат родителите за службите што постојат во заедницата кои нудат совети, медицинска помош и слично.

Учителите можат да собираат, организираат и споделуваат со семејствата информации за различните услуги што ним и на децата им стојат на располагање во заедницата. Таквите информации може да се истакнат на огласната табла или во писмена форма да им се испратат на семејствата дома. Исто така, учителите може да организираат средби со стручни лица со цел да ги поврзат семејствата со службите кои можат да ги задоволат нивните потреби (здравствена заштита, исхрана, социјални услуги). Родителите може да се информираат и за разните едукативни работилници и семинари за родители од



© Copyright International Step by step Association 2011, сите права се задржани

локален и регионален карактер, па дури може работилниците да се организираат и во самото училиште. Учителите може да им понудат на родителите низа формални и неформални можности за дебата на теми кои се однесуваат на грижата и воспитувањето на нивните деца.

Заедниците и семејствата некои работи ги прават поинаку од учителите, па затоа учителите не треба да даваат совети за тоа што треба некој да прави, туку, наместо тоа, треба да понудат ресурси што ќе им помогнат на родителите самите да донесат одлука. Важно е семејствата да се зајакнат, особено оние кои им припаѓаат на маргинализираните групи.

### Чекор напред

Родителите прават чекор напред во својата пракса кога на јавните и професионалните средби се залагаат за интеграција на јавните услуги и ресурси во училиштата со цел да се зајакнат семејствата, да се збогати училишниот план и да се поттикне детскиот развој.

**Кога учителите им помагаат на семејствата да дојдат до информации, извори и услуги кои им се потребни за да се подобри учењето и развојот на нивните деца, тогаш децата:**

- интелектуално и социјално се развиваат бидејќи подобро им се задоволуваат потребите;
- се чувствуваат сигурно и поддржано;
- имаат повеќе позитивни искуства во учењето;
- поуспешни се во совладувањето на предизвиците и пречките;
- повеќе се ангажираат во учењето.

### 2.3.3

**Учителот ги користи своите сознанија за заедниците и за семејствата на децата како интегрален дел на наставниот план и искуството на учење.**

### Квалитетна пракса

За да развијат позитивна слика за себе и за групата во која припаѓаат, децата мора да се пронајдат себеси, своето семејство и својата заедница во материјалите и содржините што ги учат. Тоа е поверојатно да се случи доколку самите тие, нивните семејства и заедници ги донесат таквите материјали во училницата, а учителите ги искористат за проширување и збогатување на курикулумот. Членовите на семејствата и на заедницата можат да донесат во училницата семејни фотографии, инструменти и орудија од дома и така да поттикнат креирање нови активности и ситуации погодни за учење и развој. Снимените народни приказни, фолклорот, усните преданија и личните искуства на членовите на заедницата се подеднакво вредно средство за поучување, читање и пишување колку и учебниците. Новите поими во математиката или во природата и општеството можат да се усвојат низ играње општествени игри или низ готвење јадења карактеристични за некоја заедница. Гласовните, телесните и уметничките способностите можат да се развиваат низ традиционалната музика, игри, танци, уметности и занаети.

Учителите можат да креираат активности за учење и проекти врз основа на случувањата во семејствата (раѓање нов член, градење куќа) или во заедницата (прослави, празници, отворање нови установи или некои кризи).



© Copyright International Step by step Association 2011, сите права се задржани

Сите овие видови активности се темелат на интересите на децата. Тие им овозможуваат на децата да станат чувствителни членови на мултикултурни заедници, да ги разберат и вреднуваат не само сличностите, туку и разликите што постојат во општеството.

### Чекор напред

Учителите одат чекор напред во својата пракса кога се вклучени како соработници во работата на различни организации – социјални, културни, волонтерски, работни, пензионерски и религиозни. Таквата соработка води до развој на партнерски односи со тие организации, а воспитувањето и образованието ги става во фокусот на заедницата. Ваквите партнерства промовираат размена на информации и ресурси за помош на децата и семејствата. Општествените организации можат да понудат културни, рекреативни и воннаставни содржини што ќе го збогатат животот на децата. Поширокиот општествен ангажман придонесува за јакнење на свеста за учењето што се одвива во училиштето и за негова поддршка низ организирање различни видови активности.

**Кога учителите ги користат своите сознанија за заедниците и семејствата на децата како интегрален дел на наставниот план и образовното искуство, тогаш децата:**

- ги поврзуваат своите знаења со животот во заедницата;
- ја гледаат поврзаноста на она што се учи во училиштето со вештините неопходни во животот;
- себеси се доживуваат како дел од семејството и заедницата;
- поактивно учествуваат во учењето;
- учествуваат во активности што им се интересни;
- горди се на себе и на своето семејство бидејќи ја разбираат поврзаноста на училиштето, семејството и заедницата.

### 2.3.4

**Учителот може да им понуди на родителите и на членовите на семејството информации и идеи за создавање постимулативни услови за учење во домот и за зајакнување на родителските компетенции.**

### Квалитетна пракса

Истражувањата (Henderson and Mapp, 2002; Siraj – Blatchfors, 2004) покажаа дека кога се работи за раниот детски развој, најважен *фактор во заднината* кој влијае на постигнувањата на учениците, поважен дури и од образованието на родителите и нивниот социоекономски статус, е квалитетот на средината во која децата учат. Со таков убедлив доказ, нема сомневање дека партнерството на училиштето и семејството, доколку може да го подобри квалитетот на домашната средина за учење, е од исклучителна важност. Учителите имаат клучна улога во ова партнерство поради нивните познавања на детскиот развој и на стратегиите за учење.

Често се истакнува дека родителите се први и најважни учители на децата и дека затоа треба да се чувствуваат компетентни и почитувани. Затоа, задачата на учителите не е да ги поучат родителите како да бидат родители – тие веќе се родители и успеале да се здобијат со тие вештини – туку да им помогнат да ги надградат знаењата што ги имаат за уште повеќе да придонесат за развојот и учењето на своите деца. Родителите со



© Copyright International Step by step Association 2011, сите права се задржани

повеќе задоволство ќе посетуваат работилници и предавања кога ќе почувствуваат дека оној кој работи со нив не ги осудува и ги почитува и нив и желбите што ги имаат за своите деца. Важно е учителите да бидат доживувани како средство, а не како авторитет. Исто така е важно учителите да се информираат и да учат од родителите кои стратегии се целисходни за нивните деца, а не само да им даваат идеи за воспитување и грижа за децата.

Учителите треба да истражат што прават родителите со своите деца за да го поттикнат нивниот не само когнитивен, туку и социјален и емотивен развој. Наместо да ги почитуваат само оние родители кои редовно доаѓаат на родителските состаноци и на другите средби во училиштето, учителите треба да знаат дека разговорите, раскажувањето приказни, играњето игри и пеењето песни со децата дома се уште поважни за детскиот развој. Учителите можат да им помогнат на родителите во развивањето на нивните компетенции така што ќе ги поканат во училницата каде што ќе можат да видат како другите (учителот, другите возрасни и деца) стапуваат во интеракции со нивните деца. Врз основа на тие впечатоци, родителите можат да донесат одлука што од тоа сакаат и самите да го направат, а што да избегнат при својата интеракција со детето.

Учителите можат да организираат *одделенска библиотека* со играчки и книги/сликовници што родителите би можеле да ги позајмат. Така можат да им покажат како да ги користат тие материјали дома со нивните деца. Можат да разговараат со родителите како треба да им се чита на децата и кои прашања треба да им се поставуваат за да ги развијат на највисоко ниво своите способности за размислување. Повремено учителите може од родителите да бараат да ги споделат со нив своите искуства за успешно користење на дадениот материјал. Доколку ваквиот начин на работа е премногу тежок, може да се обидете да понудите неколку материјали (за игра и учење) со упатства што учениците наизменично ќе ги носат дома.

Со помош на техниката *бура од идеи*, родителите можат да се поттикнат да размислуваат за креативната употреба на материјалите што ги имаат дома за да го унапредат детскиот развој и учење. Можеме да организираме и низа интересни, креативни и поучни работилници од типот „направи и земи“, во текот на кои родителите ќе направат, ќе проследат демонстрација и ќе ја вежбаат употребата на едукативни игри.

За крај, уште еднаш нагласуваме дека создавањето партнерство со членовите на семејствата не се однесува само на мајките, туку и на татковците и другите членови на семејството. Учителите треба да најдат начин да им помогнат на сите членови на семејството да почувствуваат дека придонесуваат кон создавањето стимулативна средина за учење во домот.

## Чекор напред

Учителите одат чекор напред во својата пракса кога ги оспособуваат и охрабруваат родителите да го оценат успехот на различните стратегии што ги применуваат дома и да направат приспособување за да ги надградат посебните силни страни и потреби на своите деца. Тие им помагаат на родителите и на



© Copyright International Step by step Association 2011, сите права се задржани

членовите на семејствата да станат експерти за детскиот развој и учење, како и експерти за сопствените деца.

**Кога учителите им даваат информации и идеи на родителите и на членовите на семејствата за креирање поттикнувачка средина за учење во домот и им помагаат во зајакнувањето на родителските компетенции, тогаш децата:**

- ја зајакнуваат својата самопочит, бидејќи гледаат дека нивните родители се почитувани како партнери;
- се чувствуваат сигурно и поддржано од своето семејство и од учителите;
- се развиваат во целост - социјално, емоционално, телесно и когнитивно;
- ја согледуваат поврзаноста на животот дома и на училиште;
- имаат поголеми постигнувања во академска смисла.



© Copyright International Step by step Association 2011, сите права се задржани

## Студии и документи користени во ова поглавје

Adams, K. and S. Christenson. 2000. Trust and the family-school relationship: Examination of parent-teacher differences in elementary and secondary grades. *Journal of School Psychology* 38 (5).

Baker, A., S. Kessler, C. Piotrkowski, and F. Parker. 1999. Kindergarten and first-grade teachers' reported knowledge of parents' involvement in their children's education. *Elementary School Journal* 99(4).

Baker, E., J. Herman, and J. Bain. Undated. *What makes a good school? A guide for parents seeking excellence in education*. Los Angeles, Calif.: The Center for Research on Evaluation, Standards & Student Testing. http://www.cse.ucla.edu/products/ misc/cse_baker_what.pdf

Bredekamp, S. and C. Copple (Eds). 1997. *Developmentally appropriate practice in early childhood programs. Rev. ed.* Washington, D.C.: National Association for the Education of Young Children (NAEYC).
Bronfenbrenner, U. 1979. *The ecology of human development.* Cambridge Mass.: Harvard University Press.

Clarke-Stewart, K. 1983. Exploring the assumptions of parent education. In *Parent Education and Public Policy*, edited by R. Haskins and D. Adams. Norwood, NJ: Ablex Publishing Corp.

Comer, J. 1988. Educating poor minority children. *Scientific American* 256(5): 42–48.

Cotton, K. 1995. *Research you can use to improve results*. Alexandria, Va.: Association for Supervision and Curriculum Development (ASCD); and Portland, Ore.: Northwest Regional Educational Laboratory (NWREL).

Cotton, K., and K. Wikelund. 1989. *Parent involvement in education*. Portland, Ore.: Northwest Regional Educational Laboratory (NWREL). http://www.afterschoolalliance.org/issue_32_parent_involvement.cfm; http://www.nwrel.org/scpd/sirs/3/cu6.html.

C Rockenberg, S. 1981. Infant irritability, mother responsiveness, and social support influences on the security of infantmother attachment. *Child Development* 52: 857–65.

Dietel. R. 2001. How is my child doing in school? Ten research-based ways to find out. *Our Children Magazine*. National Parent Teacher Association.

Epstein, J. 1994. Theory to practice: School and family partnerships lead to school improvement and student success. In *School, family, and community interaction: A view from the firing lines*, edited by C. Fagnano and B. Werber. Boulder, Colo.:Westview Press.

———. 1995. School, family, and community partnerships: Caring for the children we share. *Phi Delta Kappan* 76(9): 705–77.

———. 2001. *School, family and community partnerships: Preparing educators and improving schools*. Boulder, Colo.: Westview Press.

———. 2005. *Developing and sustaining research-based programs of school, family and community partnerships: Summary of five years of NNPS research*. http://www.csos.jhu.edu/research/index.htm

Epstein, J. and S. Dauber. 1991. School programs and teacher practices of parent involvement in inner-city elementary schools. *Elementary School Journal* 91.

Epstein, J., M. Sanders, B. Simon, K. Salinas, N. Jansorn, and F. Van Voorhis. 2002. *School, community, and community partnerships: Your handbook for action.* 2nd ed. Thousand Oaks, Calif.: Corwin Press.

Epstein, J. and Associates. 2008. *School, community, and community partnerships: Your handbook for action. 3rd ed.* Thousand Oaks, Calif.: Corwin Press.



© Copyright International Step by step Association 2011, сите права се задржани

Fleming, R., and S. Lubin. 1998. *Critical Issue: Restructuring Schools to Support School-Linked Services*. North Central Regional Educational Laboratory. http://www.ncrel.org/sdrs/areas/issues/envrnmnt/css/cs100.htm

Fleming, R. and S. Lubin. 1998. Critical Issue: Restructuring Schools to Support School-Linked Services. North Central Regional Educational Laboratory. http://www.ncrel.org/sdrs/areas/issues/envrnmnt/css/cs100.htm

Giles, H. 1998. *Parent engagement as a school reform strategy*. New York: ERIC Clearinghouse on Urban Education. http:// www.ed.gov/databases/ERIC_Digests/ed419031.html

Henderson, A. 1987. *The evidence continues to grow: Parent involvement improves student achievement. An annotated bibliography*. Columbia, Md.: National Committee for Citizens in Education Special Report.

Henderson, A. and K. Mapp. 2002. *A new wave of evidence: The impact of school, family, and community connections on student achievement*. Austin, Tex.: National Center for Family & Community Connections with Schools Southwest Educational Development Laboratory. http://www.sedl.org/connections/resources/evidence.pdf

Henderson, A., V. Johnson, K. Mapp, and D. Davies. 2007. *Beyond the bake sale: The essential guide to family–school partnerships*. New York: The New Press. http://www.parentinvolvementmatters.org/articles/bake-sale.html

Hoover-Dempsey, K. and H. Sandler. 1997. Why do parents become involved in their children's education? *Review of Educational Research* 67(1): 3–42.

McCartney, K., E. Dearing, and B. Taylor. 2003. *Is high quality child care an intervention for children from low-income familie*s? Paper presented at the Biennial Meeting of the Society for Research in Child Development (SRCD), Tampa, Fla.

Michigan Department of Education. 2002. *What research says about parent involvement in children's education in relation to academic achievement*. http://www.michigan.gov/documents/Final_Parent_Involvement_Fact_Sheet_14732_7.pdf

Pate, P. and P. Andrews. 2006. *NMSA Research summary: Parent involvement.* National Middle School Association (NMSA). http://www.nmsa.org/Research/ResearchSummaries/ParentInvolvement/tabid/274/Default.aspx

Payne, C. and M. Kaba. 2001. *So much reform, so little change: Building-level obstacles to urban school reform.* Unpublished manuscript.

Parent Teacher Association (PTA). 2008. *National Standards for Family-School Partnerships: An Implementation Guide*. http://www.pta.org/2757.asp

Riley, D., R. San Juan, J. Klinkner, and A. Ramminger. (2008). *Social and emotional development: Connecting science and practice in early childhood settings*. St. Paul, Minn., Readleaf Press.

Riley, D. and B. Schmidt. 1993. *Evaluation of satellite family child care*. Madison: University of Wisconsin.

Siraj-Blatchford, I. 2004. Educational disadvantage in the early years: How do we overcome it? Some lessons from research. *European Early Childhood Research Journal* 12(2): 5–20.

United Nations. General Assembly. 1990. *UN Convention on the Rights of the Child*. Article 5.
Walberg, H. 1984. Improving the productivity of America's schools. *Educational Leadership* 41(8): 19–27.



© Copyright International Step by step Association 2011, сите права се задржани